# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО

С О Д Р Ж И Н А



| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 28.07.2025<br>БРОЈ 63 | ПРИМЕРОКОТ Е<br>БЕСПЛАТЕН |




З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А по Решение за запирање на објавување на Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово

О Д Л У К А по Решение за запирање на објавување на Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово

Р Е Ш Е Н И Е за давање на согласност за употреба на зборот “Берово” во назив на правен субјект “Берово саунд вејв”

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за отварање на Пункт на Општинската организација Црвен Крст –Берово во просториите на Општина Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен

Одлука за отварање на Пункт на Општинската организација Црвен Крст –Берово во просториите на Општина Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување на финансиска средства од Буџетот на Општина Берово на Општинската организација Црвен Крст –Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен

Одлука за доделување на финансиска средства од Буџетот на Општина Берово на Општинската организација Црвен Крст –Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
по Решение за запирање на објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А по Решение за запирање на објавување на Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово , Бр. 09-2905/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.07.2025 година.

Бр.08-2906/1    ОПШТИНА БЕРОВО
28.07.2025 година    Градоначалник
Б е р о в о    Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 и член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), Советот на Општина Берово на 65-та седница одржана на 28.07.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
по Решение за запирање на објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово

Член 1

Се прифаќа Решението за запирање на објавување на Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово, донесено од Градоначалникот на општина Берово со број 08-2778/47 од 16.07.2025 година.

Член 2

Се поништува Р Е Ш Е Н И Е доделување на финансиски средства со Бр. 09-2363/5, што Советот на Општина Берово го донесе на 65-та седница на Совет на Општина Берово одржана на ден 15.07.2025 година.

Член 3

Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Берово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2905/1    Совет на Општина Берово
28.07.2025 година    Претседател
Берово    Петар Ружински с.р

************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22) и член 90 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” Бр.124/2015), а во врска со Барањето за согласност за користење на името “Берово” во назив на правен субјект на Драган Ќурчиски, примено со архивски број 08-2792/1 од 17.07.2025 година, Градоначалникот на Општина Берово донесува:

Р Е Ш Е Н И Е
за давање на согласност за
употреба на зборот “Берово” во назив на
правен субјект “Берово саунд вејв”

1. Се уважува Барањето на Драган Ќурчиски од Берово за давање согласност за употреба на зборот “Берово” во називот на Здружение на граѓани “Берово саунд вејв”.
2. Општина Берово дава согласност во називот на Здружение на граѓани “Берово саунд вејв” да биде содржан зборот Берово.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.08-2792/2    ОПШТИНА БЕРОВО
17.07.2025 година    Градоначалник
Б е р о в о    Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за отварање на Пункт на Општинската организација Црвен Крст –Берово во просториите на Општина Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат

ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен

Се објавува О Д Л У К А за отварање на Пункт на Општинската организација Црвен Крст –Берово во просториите на Општина Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен., Бр.09-2907/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.07.2025 година.

Бр.08-2909/1 ОПШТИНА БЕРОВО
28.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со Одлука на Влада на РСМ за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на РСМ со бр.50-6773/5 од 08.07.2025 година и Заклучок на Кризен штаб Берово со бр.08-2881/1 од 28.07.2025 година, Советот на Општина Берово на 66-тата седница одржана на 28.07.2025 година како вонредна седница, донесе:

О Д Л У К А
за отварање на Пункт на Општинската организација Црвен Крст –Берово во просториите на Општина Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен.

Член 1

Советот на Општина Берово донесува Одлука за отварање на Пункт на Општинската организација Црвен Крст –Берово во просториите на Општина Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на Планината Готен.

Член 2

Општина Берово е должна да обезбеди соодветна просторија за потребите на Општинската Организација Црвен Крст Берово предвидени во член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-2907/1 Совет на Општина Берово
28.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Берово на ОО на Црвен Крст Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на планината Готен

Се објавува. О Д Л У К А за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Берово на ОО на Црвен Крст Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на планината Готен, Бр.09-2908/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.07.2025 година.

Бр.08-2909/2 ОПШТИНА БЕРОВО
28.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со Одлука на Влада на РСМ за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на РСМ со бр.50-6773/5 од 08.07.2025 година и Заклучок на Кризен штаб Берово со бр.08-2881/1 од 28.07.2025 година, Советот на Општина Берово на 66-тата седница одржана на 28.07.2025 година како вонредна седница, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Берово на ОО на Црвен Крст Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на планината Готен

Член 1

Советот на Општина Берово доделува парична средства во износ од 200.000 денари на ОО на Црвен Крст Берово за поддршка на активностите за достава на храна, вода и други основни потреби за силите кои ќе бидат ангажирани во гаснењето на пожарот на планината Готен.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово за 2025 година ставка 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи), Програма А0 - Совет на Општина и ќе бидат исплатени на :

- ИМЕ: ЦРВЕН КРСТ - ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА БЕРОВО
- СМЕТКА: 200000002094028
- ДАНОЧЕН БРОЈ:4001952103602
- БАНКА: СТОПАНСКА БАНКА

Член 3

Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Берово да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

Општинската организација на Црвен Крст Берово е должна да достави извештај за наменското трошење на средствата до Општина Берово во рок од 30 дена од денот на добивање на средствата.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-2908/1 Совет на Општина Берово
28.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

ИЗРАБОТИЛ:
ОПШТИНА БЕРОВО